РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3722/14
27.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗАПИСНИК
од 34. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 20.10.2026 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видеоконференциска врска:

- **Претседател на Советот:** м-р Сашо Стефановски
- **Заменик на претседателот на Советот:** м-р Зирјета Јајага
- **Членови на Советот:** Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /.

Присутни од раководството на Агенцијата преку видеоконференциска врска: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и Мухамер Беќири, заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска: м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска, Магдалена Д. Довлева, Емилија Јаневска, Ивона Муфишева и Сергеј Тодоровски.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 34. седница на Советот. Седницата почна во 14:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од 33. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.10.2026 година.

2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2026 година.

3. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар.

4. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио 99 ДООЕЛ Скопје.

5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје.

6. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Лајф радио ДООЕЛ Скопје.

7. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Експрес-радио ДООЕЛ Струмица.

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово, за прекршување на членот 92 став 1 од ЗААВМУ.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово, за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.

10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

11. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Радио 106 Битола ДООЕЛ.

12. Предлог-одлука за исплата на надоместок за смрт на член на потесно семејство на вработен во Агенцијата.

13. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за следниот предмет – стока: електрична енергија.

14. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за следниот предмет – стока: канцелариски материјали.

15. Разно.

Точка 1

Советот го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од 33. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.10.2026 година.

Точка 2

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, појасни дека во рамките на оваа точка ќе бидат разгледани кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2026 година, при што по оваа точка нема да се гласа.

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, даде осврт на активностите реализирани во извештајниот период во рамките на спроведувањето на Програмата за работа на Агенцијата.

Во однос на програмските надзори, таа информираше дека биле спроведени надзори над програмските сервиси МРТ 1, МРТ 2 и МРТ 5, над деветте национални комерцијални телевизии, како и над давателите на аудиовизуелни медиумски услуги. Со надзорите било констатирано дека сите субјекти опфатени со надзорот ја исполниле обврската за усвојување акциски планови за пристапност и за доставување до Агенцијата на годишен извештај за претходната година. Истовремено, било утврдено дека програмските сервиси МРТ 1, МРТ 5 и ТВ Компани 21-М не доставиле извештај за спроведувањето на акциският план за пристапност во законски утврдениот рок, односно до 31 март 2026 година.

Редовни програмски надзори биле спроведени и над шест комерцијални и шест локални телевизии. Прекршувања биле констатирани кај ТВ Стар во однос на правилата за емитување комерцијални комуникации за алкохол и алкохолни пијалаци, како и забраната преку посебно промотивно препорачување да се поттикнува купување или изнајмување стоки или услуги. Прекршувања на правилата за изворно создадена програма биле констатирани кај ТВ Гурра, Г-ТВ, ТВ Дуе и ТВ Њуз.

Надзори биле извршени и над националните радија Антена 5, Канал 77, Јон и Метрополис, при што не биле констатирани прекршувања.

Во извештајниот период Агенцијата спровела вкупно 22 редовни и два контролни надзори над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, во однос на почитувањето на правилата за употреба на јазикот, задолжителната регистрација на програмските сервиси што се реемитуваат и задолжителното вклучување на програмските сервиси на Македонската радио-телевизија. До имателите на права биле доставени три известувања за бесправно реемитување програмски сервиси кои не биле регистрирани во Агенцијата.

Во однос на административните надзори, Љубевска информираше дека биле спроведени редовни надзори за почитувањето на правилата за објавување информации достапни за корисниците, податоци за импресумот и идентификација на радиодифузерот кај националните комерцијални радија, шест локални и шест регионални телевизиски програмски сервиси. Прекршувања биле констатирани кај ТВ Гурра, ТВ Дуе, ТВ Њуз и ТВ Стар.

Дополнително, бил спроведен редовен надзор над сите радиодифузери во однос на обврската за објавување податоци за сопственичката структура, уредништвото и изворите на финансирање за претходната година, како и за

доставување снимка до Агенцијата. Било утврдено дека сите радиодифузери ја исполниле оваа обврска.

Во случаите во кои биле констатирани прекршувања, биле спроведени контролни надзори. Во извештајниот период, Агенцијата донела десет решенија за изрекување мерка јавна опомена кон пет радиодифузери, три решенија кон оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и една мерка кон издавач на печатен медиум.

Агенцијата постапувала и по известување за промена на сопственичката структура на ТВ 24 Вести, при што донела решение за отфрлање на известувањето. Исто така, биле донесени две решенија за прекинување на постапката за одлучување по известувањата за промена на сопственичката структура на РФМ и Наша ТВ, до завршувањето на постапувањето по предмет оформен пред друг надлежен орган.

Во продолжение, Љубевска информираше дека била донесена одлука за одбивање на писменото барање за објавување јавен конкурс за општина Кавадарци, бидејќи од изработената студија произлегло дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс.

Во областа на медиумската писменост биле одржани повеќе состаноци, меѓу кои и со претставници на Советот на Европа и на ИФЕС. Биле изготвени и ажурирани придонеси за извештајот на Европската комисија, а бил одржан и третиот јавен состанок. Воедно, редовно била ажурирана веб-страницата на Агенцијата, биле објавени повеќе соопштенија и било одговорено на повеќе претставки.

Како дел од реализираните активности, биле изработени и Анализа за структурата на вработените и Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс.

Точка 3

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Д.Довлева информираше дека, врз основа на барање поднесено од заинтересирана страна и по утврдувањето дека постојат слободни радиофреквенции, била изработена Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар. Таа посочи дека наодите од Студијата укажуваат на оправданост за објавување јавен конкурс, пред сè поради тоа што на подрачјето на општина Дебар не емитува ниту едно локално радио. Иако економскиот потенцијал на локалниот пазар е ограничен, анализата покажала дека постојат капацитети за одржливост на едно радио, што било потврдено и преку споредбена анализа со општини со сличен економски потенцијал, број на жители и број на активни деловни субјекти. Имајќи ја предвид и структурата на населението во општина Дебар, Магдалена

Д.Довлева појасни дека Студијата предвидува објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко-говорно радио од општ формат, чиј говорен дел од програмата ќе се емитува на македонски и на албански јазик.

М-р Ивона Муфишева, помошник-раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, го образложи предлогот за донесување одлука за објавување јавен конкурс за доделување една дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, за програмски сервис – музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и на албански јазик, кое ќе се емитува преку радиофреквенција од 88,1 MHz. Таа појасни дека конкурсната документација содржи предлог-пријава и предлог-текст на јавниот конкурс, со кои се утврдени начинот и формата на поднесување на пријавата, бројот на примероци и задолжителната содржина на пријавата. Рокот за поднесување пријави изнесува 60 дена, сметано од првиот нареден ден по денот на објавувањето на јавниот конкурс во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање дали износот од 60.000,00 денари, што се уплаќа на сметката на Агенцијата во врска со учеството на јавниот конкурс, претставува неповратен надоместок. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека средствата се неповратни, имајќи предвид дека Агенцијата има трошоци поврзани со објавувањето на јавниот конкурс.

По разгледувањето на материјалите и дадените образложенија, Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, за програмски сервис – музичко-говорно радио од општ формат, на албански и на македонски јазик, кое ќе се емитува преку радиофреквенција од 88.1 MHz, определена од Агенцијата за електронски комуникации. Дозволата ќе се додели за период од 9 (девет) години и нема да може да се пренесува на друго лице.

Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата се задолжува Одлуката да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку два дневни весника, од кои едниот на јазикот на заедницата што не е во мнозинство, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Точки 4, 5, 6 и 7

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека точките 4, 5, 6 и 7 се однесуваат на продолжување на дозволите за радиоемитување на

четири радиодифузери. Тој информираше дека во периодот во кој ги поседувале дозволите, кај ниту еден од радиодифузерите не биле утврдени прекршувања на Изборниот законик потврдени со правосилна судска пресуда, ниту прекршувања на посебните одредби од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз основа на наведеното, директорот предложи на радиодифузерите да им бидат продолжени дозволите за радиоемитување за период од девет години, почнувајќи од 5 јануари 2027 година. Бидејќи образложението за сите четири точки е исто, тој посочи дека Советот може заеднички да ги разгледа, а за секоја точка да одлучува одделно.

Гласање по Точка 4

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио 99 ДООЕЛ Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио 99 ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.0802-107 од 6.3.2024 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г..

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по Точка 5

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-68 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по Точка 6

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Лајф Радио ДООЕЛ Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Лајф Радио ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-73 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по Точка 7

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Експрес-радио ДООЕЛ Струмица, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Експрес-радио ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-127 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Точки 8, 9 и 10

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, предложи образложението по точките 8, 9 и 10 да биде дадено заеднички, имајќи предвид дека сите три точки се однесуваат на истиот радиодифузер, ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово.

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска информираше дека со редовниот програмски и административен надзор над програмскиот сервис на ТРД ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово, спроведен во септември 2026 година, биле констатирани три прекршувања, од кои две на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едно на Законот за медиуми.

Во однос на точката 8, таа појасни дека било констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој ја утврдува обврската на трговските радиодифузни друштва што емитуваат телевизиски програмски сервиси на дневно ниво да обезбедат најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Со извршениот надзор било утврдено дека радиодифузерот во анализираниот ден емитувал 24,22% изворно создадена програма, наместо законски пропишаните 30%. Недостигот изнесувал приближно 1 час, 19 минути и 50 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во однос на точката 9, Јаневска информираше дека било констатирано прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се однесува на обврската на давателот на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги да обезбеди директен, лесен и постојан пристап до информациите што треба да им бидат достапни на корисниците. Овие информации, меѓу другото, ги опфаќаат полното име и адресата на седиштето на давателот на услугата, податоците за контакт, вклучително и телефонскиот

број, адресата на електронската пошта и веб-страницата, податоците за одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт, како и податоците за надлежното регулаторно тело.

Во однос на точката 10, таа појасни дека било констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми, односно на обврската за објавување импресум. Со надзорот било утврдено дека во две верски програми емитувани на 4 септември 2026 година, кога бил спроведен надзорот, не биле објавени податоците за импресумот.

Јаневска информираше дека за констатираните прекршувања радиодифузерот доставил писмено изјаснување, во кое навел дека станува збор за ненамерна техничка грешка и дека ќе ги преземе потребните мерки за отстранување на пропустите и спречување на нивното повторување. Изјаснувањето било составен дел од материјалите доставени за седницата.

По презентирањето на наодите од надзорот, директорот на Агенцијата предложи за секое од трите прекршувања да се донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена, со кое на радиодифузерот ќе му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со соодветните законски одредби. По истекот на рокот определен во решенијата, да се изврши контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки.

Гласање по Точка 8

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3510/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 9

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-3505/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ Њуз ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 10

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-3507/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 11

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, Магдалена Довлева Давидовска, информираше дека на 5 октомври 2026 година радиостаницата „Радио Станица 106“ од Битола доставила известување за промена на сопственичката структура. По извршената проверка било утврдено дека известувањето е уредно и ги содржи потребните податоци и придружни документи, поради што Агенцијата пристапила кон испитување дали со предложената промена би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Таа појасни дека, согласно со податоците од Централниот регистар, физичкото лице предложено за нов сопственик на радиостаницата не било евидентирано како основач на трговски друштва, ниту како вистински сопственик во Регистарот на вистински сопственици. Врз основа на извршените проверки, било констатирано дека со планираната промена на сопственичката структура нема да се создаде недозволена медиумска концентрација и дека промената не е спротивна на одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Поради тоа, Довлева Давидовска предложи да се донесе одлука со која ќе се одобри промената на сопственичката структура.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Радио 106 Битола ДООЕЛ, со текст како што беше предложена. Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Радио 106 Битола ДООЕЛ не се создава недозволена медиумска концентрација, односно промената не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗААВМУ.

ТРД Радио 106 Битола ДООЕЛ е должно по извршната промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ.

ТРД Радио 106 Битола ДООЕЛ е должно да ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на Одлуката, во спротивно по истекот на наведениот рок Одлуката ќе се поништи.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 12

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека предлог-одлуката се однесува на исплата на паричен надоместок на вработена во Агенцијата поради смртен случај во нејзиното потесно семејство. Тој посочи дека, согласно со законските одредби и Колективниот договор, вработената има право на соодветен паричен надоместок, чиј износ и име на корисникот се

наведени во предлог-одлуката. Поради природата на личните податоци содржани во одлуката, деталите во врска со корисникот на надоместокот не беа дополнително изнесени во дискусијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство. Средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 13

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека станува збор за тековна постапка за јавна набавка на електрична енергија, која се спроведува како групна јавна набавка заедно со Министерството за спорт.

На прашање од претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, дали ваквата набавка се објавува еднаш годишно, директорот потврди дека станува збор за редовна годишна постапка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: електрична енергија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за стока: електрична енергија, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 14

М-р Ивона Муфишева, помошник-раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, информираше дека предлог-одлуката се однесува на спроведување јавна набавка на канцелариски материјали, потребни за секојдневното работење на вработените и за непречено извршување на работните обврски во Агенцијата. Таа појасни дека за реализација на набавката се потребни финансиски средства во вкупен износ од 305.000,00 денари без вклучен ДДВ, кои се обезбедени согласно со Финансискиот план на Агенцијата. Постапката за доделување на договорот ќе се спроведе согласно со Законот за јавните набавки, како набавка од мала вредност.

Муфишева дополни дека станува збор за редовна набавка што Агенцијата ја спроведува секоја година за обезбедување канцелариски материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за стока: канцелариски материјали, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 15 – Разно

Под точката „Разно“ не беа разгледувани дополнителни прашања.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски